**20160110377**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 јануари 2016 година.

Бр. 08-439/1
21 јануари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ број 73/15), во членот 1 став 1 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година“.

Во ставот 2 по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2015 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2016 година“, а по зборовите: „Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2015 година“ се додаваат зборовите: „и Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 2016 година“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.